**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

**Број 04-477/10**
**31.10.2024 година**
**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/16, 127/16, 142/2016 2/17, 16/17, 11/2018, 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022 година), Градоначалникот на Општина Пласница донесе:

**ОДЛУКА**
**За невршење избор на кандидат по интерниот**
**оглас бр. 1/2024**

1. Не се врши избор на кандидат за унапредување по Интерен оглас бр. 1/2024 во општина Пласница за работното место УПР 01 01 В01 000 – Советник за планирање на буџетот, во Одделението за финансиски прашања – 1 извршител.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб-страната на општина Пласница.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 15.10.2024 година на веб страницата на општина Пласница и Агенцијата за администрација, објавен е интерен оглас бр.1/2024 за унапредување на еден административен службеник.

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Градоначалникот на општина Пласница со решение број.04-477/8 од 22.10.2024 година, а согласно прописите за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во општина Пласница, спроведе административна селекција за што состави Записник бр.04-477/9 од 29.10.2024 година.

Комисијата констатирала дека на огласот за горенаведеното работно место се пријавил 1 кандидат и истиот бил неуреден. Како причина за неуреденоста се наведува дека кандидатот немал доволно работно искуство во струката.

Имајќи го предвид наведеното, градоначалникот на општина Пласница одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

<u>Правна поука</u>: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**<u>Доставено до:</u>**
**- Кандидат,**
**- Човечки ресурси,**
**- Архива.**

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**АЛИЈА ЈАОСКИ**
------------------------------------------